Врз основа на член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/16), член 14 став (7) и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/17), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 мај 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за започнување на постапка за донесување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Водовод и канализација Прилеп за регулиран период 2024–2026 година**

1. Да се започне постапка за донесување на регулаторна тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Водовод и канализација Прилеп за регулиран период 2024–2026 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП Водовод и канализација Прилеп, согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга (во понатамошниот текст: Правилник), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга (во понатамошниот текст: Методологија) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга поднесоците и критериумите за оцена, до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги) поднесе Барање за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води за регулиран период 2024-2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под УП1 бр.08-425/23 од 6 јуни 2023 година (во натамошниот текст: Барање).

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги по спроведување на постапката утврдена во Законот за утврдување на цени на водните услуги, донесе Решение за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Водовод и канализација Прилеп за регулиран период 2024 – 2026 година, УП1 бр. 08-425/23 од 18 декември 2023 година.

Согласно член 13 став (10) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, давателот на услугата ЈКП Водовод и канализација Прилеп е должен, без одлагање и не подоцна од 15 дена од денот на објавување на решението во Службен весник на Република Северна Македонија, да го достави до органот на управување на давателот заради донесување одлука за утврдување на тарифа за водна услуга.

Согласно член 13 став (11) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, органот на управување на давателот е должен да ја донесе одлуката во рок 15 дена од денот на приемот на одлуката и истата да ја достави до градоначалникот заради давање согласност на одлуката во рок

од осум дена од денот на нејзиното донесување, а согласно член 13 став (12) од истиот закон, градоначалникот на општината е должен во рок не подолг од 60 дена да започне постапка за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифата за водните услуги.

Согласно член 13 став (14) од Законот за утврдување на цени на водните услуги, член 14 став (7) и член 16 став (1) од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга, давателот на водната услуга е должен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во рок од 150 дена од денот на објавувањето на Решението за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈКП Водовод и канализација Прилеп за регулиран период 2024-2026 година во Службен Весник на Република Северна Македонија, да достави согласност од Советот на општината.

Со оглед на тоа што во законскиот утврден рок од Советот на општината не е ставена на дневен ред одлуката за утврдување на тарифа на водната услуга, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, незадоволната страна има право да поднесе тужба пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**УП1 бр. 08–425/23**
**20 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**